# ИСПРАВКА НА
# ЈАВЕН ПОВИК бр.01/2019
## за доставување на барања за исплата на средства од Програма за финансиска поддршка во руралниот развој за 2019 година

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги известува сите заинтересирани субјекти за поднесување на барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој за 2019 година, дека во јавниот повик 01/2019 делот I Предмет на огласот се менува и гласи:

I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за следнава мерка:

| *Код на мерка* | *Назив на мерката* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци* |
|---|---|---|
| *121* | ***Инвестиции за модернизација на земјоделските стопанства*** | |
| 1 | Подигнување на нови повеќегодишни лозови и овошни насади, повеќегодишни насади со ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини | **до 2.500.000 денари прифатливи трошоци по поединечен корисник** |
| 2 | Набавка на добиток од увоз или од признати организации согласно Законот за сточарство<br>-набавка на високостелни педигрирани јуници (со исклучок на јуници од расата Буша)<br>-набавка на педигрирани машки и женски приплодни грла овци<br>-набавка на педигрирани машки и женски приплодни грла кози<br>-набавка на педигрирани чистокрвни или хибриди свињи (нерези и назимки ) | **до 6.500.000 денари прифатливи трошоци по поединечен корисник** |

Останатите делови од јавниот повик 01/2019 објавен на 05.02.2019 година остануваат непроменети и неговата целосна содржина може да се најде на веб-страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk

Оваа исправка има важност од денот на објавување на јавниот повик кој се исправа.